ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 12.10.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Прва електронска услуга на ФЗОМ!

## е-Трезор (електронско банкарство) за ЈЗУ

Почнувајќи од 01.01.2011 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија го воведе Трезорот, односно стана посебен носител на платниот промет (банка) за сите јавни здравствени установи (ЈЗУ).

За спроведување на оваа нова функција, покрај функцијата на купувач на здравствени услуги, Фондот формираше одделение за Трезор во Централата на Фондот, а 30-те Подрачните служби на Фондот добија статус на локални трезорски канцеларии.

Од почетокот на функционирање на Трезорот, Фондот постојано работеше на негово унапредување, како преку постојани обуки за едукација на ЈЗУ за придобивките од Трезорот, така и за поедноставување на процедурите за користење на средствата од Фондот и поголема достапност на информациите кои се генерираат од информацискиот систем на Трезорот. Па така, во текот на 2011 година, Трезорот на Фондот на ЈЗУ им овозможи електронска достава (преку e-mail адреси) на изводите за прометот и состојбата на нивните сметки во рамки на Трезорот, а подоцна на својата web страна постави и линк, односно web портал преку кој истите може да се подигнуваат, за било кој датум. За да понатаму, во текот на 2012 година, работи на развивање на апликација која ќе овозможи целосно електронско трезорско работење, во смисла и на електронско поднесување на налозите за плаќање од страна на ЈЗУ, без потреба од нивно „физичко“ поднесување во трезорските канцеларии на Фондот.

Последниот и најбитен чекор за целосна модернизација на трезорското работење Фондот го направи на **8 октомври 2012 година** со воведување на **е – Трезор (е – banking)**, односно електронско поднесување на налозите за плаќање преку web апликација/интернет од страна на ЈЗУ. Оваа апликација, покрај електронското поднесување на налозите за плаќање, на ЈЗУ ќе им овозможи целосен увид во нивното „банкарско“ работење преку дневни и „историски“ прегледи, како и преку периодични прегледи за состојбата на нивните сметки, состојбата на искористеноста на нивните буџети, т.е. одобрените и потрошените средства по ставки, остатоци за користење и.т.н.

Со тоа, ФЗОМ е првата јавна институција во Македонија која воведе електронско банкарство, а кое досега е воведено во најголемиот дел од банките. На овој начин, сите налози за плаќање на јавните здравствени установи ќе можат да се доставуваат по електонски пат со електронски потпис, наместо во трезорските канцеларии на Фондот со што дополнително ќе се обезбеди заштеда на време, материјални и финансиски ресурси на ЈЗУ, иницијално проценета на околу 2.000.000,00 денари на годишно ниво. Дополнително, една од поважните придобивки од воведувањето на електронското банкарство за ЈЗУ е тоа што овластените потписници (директорите или други од нив овластени лица) на сметката на ЈЗУ ќе можат да ги потпшуваат налозите за плаќање во секое време и од секое место, без разлика каде се наоѓаат во моментот

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

на потребата од потпишување на налози, со тоа што е доволно да имаат персонален компјутер, лаптоп или смарт телефон, каде што ќе биде инсталиран дигиталниот сертификат (електронскиот потпис) кој тие ќе го поседуваат.

Дополнително, за самиот Фонд оваа модернизација ќе обезбеди заштеда и реалоцирање на материјални и човечки ресурси на други процеси. Па така, до крајот на 2012 година, Фондот ќе овозможи паралелно поднесување на налози преку е-Трезорот, како и преку трезорските канцеларии за оние ЈЗУ кои не се регистрирале за користење на оваа апликација, а од 01.01.2013 година Фондот планира целосно укинување на трезорските канцеларии во Подрачните служби, т.е. исклучиво користење на е-Трезорот како начин на поднесување на налози за плаќање.

До овој момент, за само три дена работа на **е-Трезорот** регистрирани се 65 корисници на апликацијата.

ФЗОМ